**20160421103**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Врз основа на член 85-ѕ став (4) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ НА МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ПРОСТОРИИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ЕКСПЕРТ ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕ НА ПРОЕКТИ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ИСПИТОТ ЗА ЕКСПЕРТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат просторните услови за материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за експерт за оцена на влијание на проектите врз животната средина и испитот за експерт за стратегиска оцена на животната средина (во натамошниот текст: испитите).

Член 2

Полагањето на испитот се спроведува во две специјално опремени простории, од кои секоја одделно треба да биде опремена со:

- најмалку 30 работни бироа за тестирање на кандидатите;
- најмалку 30 столчиња за кандидатите;
- најмалку 30 персонални компјутери;
- дисплеј за објавување на резултати со дименизии од минимум 2х2 метри;
- мрежна камера за снимање на полагањето;
- еден централен софтвер со монитор за надгледување на процесот на тестирање и за локално снимање на процесот на тестирање, со можност снимениот материјал да биде пренесен на уред за надворешна меморија (надворешен хард диск и/или усб);
- локална комуникациска мрежа и
- мрежен преклопник.

Член 3

(1) Правното лице треба да поседува соодветна информатичка опрема и софтверска апликација што овозможува воспоставување и водење единствена база на податоци за спроведување на испитите, документацијата, стручната анализа и стручниот надзор.

(2) Покрај информатичката опрема и посебната софтверска апликација од ставот (1) на овој член, правното лице треба да има и:

- пристап за користење на апликацијата на Министерството за животна средина и просторно планирање за спроведување на електронското полагање на испитите и
- интернет конекција за седиштето на правното лице од минимум 10мб/с, наменета исклучиво за електронското полагање на испитите.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12-515/2
25 февруари 2016 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Нурхан Изаири**, с.р.